Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 22.09.2020

На 21.09.2020 во 17.25 часот на регионалниот пат Прилеп-Битола мопед „томос" без регистарски ознаки, управуван од Д.Н.(66) од Прилеп, изгубил контрола и удрил во столб. Во незгодата, возачот починал на местото на настанот, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Прилеп. Увид извршила увидна екипа на Полициска станица Прилеп.

На 21.09.2020 во 17.49 часот во СВР Битола било пријавено дека во базен во круг на фабрика на ул.„Орде Чопела" во Прилеп бил пронајден удавен Г.М. (56) од с.Беровци, кој бил ангажиран како чувар на објектот. Од противпожарна екипа од Прилеп телото било извлечено, а од доктор од итна медицинска помош Прилеп извршен е преглед и констатирана е смрт без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и увидна екипа на Полициска станица Прилеп, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 21.09.2020 во Полициската станица Велес, Д.Ќ.(44) од Велес пријавила дека на ул.„Кузман Јосифовски – Питу" во Велес била касната од куче , сопственост на нејзини соседи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 17.15 часот на бул.„Св.Климент Охридски" во Скопје, на место каде се спојува со сервисна улица која води кон паркинг од Соборен храм „Св.Климент Охридски", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „мазда 3" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.М.(47) од Скопје и електричен тротинет, управуван од Е.С. (36) од Скопје. По незгодата Е.С. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 21.09.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди била донесена Д.П.(73) од Скопје. Според нејзино кажување, околу 08.40 часот на бул. „Крсте Мисирков", додека се превезувала како патник во автобус на ЈСП Скопје, паднала и се повредила. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 19.15 часот на крстосница од ул.„Ѓорче Петров" и ул. „Сремски фронт" во Скопје се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(35) од с.Добри Дол, гостиварско и велосипед управуван од М.Г.(69) од Скопје. По незгодата М.Г. бил пренесен во Градската општа болница „8-ми Септември" каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 22.09.2020 во 00.50 часот во СВР Скопје, Е.Г.(48) од Скопје пријавил дека на 21.09.2020 околу 22.30 часот во фирма на ул.„Македонско Косовска Бригада" во Скопје, додека извршувал работни задачи, се превртела количка и паднала врз него, по што бил пренесен во Градската општа болница„Св.Наум Охриски" каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.09.2020 во 02.40 часот во СВР Охрид биле приведени С.С.(19), А.Ѓ.(19) и А.В.(20), сите од Охрид, затоа што при преглед кај нив во патничко возило „форд", со охридски регистарски ознаки, во кое се превезувале, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.09.2020 во 18.30 часот во ОВР Струга бил приведен Д.О.(64) од Струга, затоа што при преглед кај него извршен на ул.„Ристо Крле", полициски службеници пронашле и одзеле кокаин. При извршен претрес во неговиот дом, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, ОВР Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 22.09.2020 околу 00.30 часот во тетовско Горно Палчиште, полициски службеници на СВР Тетово го приведе Б.Н.(34) од ова село, осуден за затворска казна за сторени кривични дела „предизвикување општа опасност" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". По приведувањето, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор-Тетово за издржување на казната.

На 21.09.2020 во 14.40 часот во Полициската станица Кичево, лекар од Итна медицинска помош Кичево пријавил дека во с.Душугубица, на пат во изградба Кичево-Охрид, додека извршувале работни задачи, се повредиле тројца турски државјани Е.К.(51), М.Х.(57) и К.Ѓ.. Тие биле пренесени во болницата „Свети Еразмо" Охрид за укажување на лекарска помош. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 21.40 часот во Полициската станица Струга, З.Н.(55) од Струга пријавила дека околу 17.30 часот во с.Калишта таа и Р.В. биле физички нападнати од С.А. и уште неколку лица, кои притоа им го оштетиле и патничкото возило „опел". Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 10.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Н.Р.(43) од Арачиново, скопско, пријавил дека околу 08.15 часот во угостителски објект на ул. „Методија Андонов Ченто", по претходна расправија за должничко-доверителски односи, Б.М. и неговиот брат му се заканувале со тврд предмет и огнено оружје, по што Б.М. испукал и неколку куршуми во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2020 околу 01.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Александар Македонски", во куќа сопственост на С.Т. (54) од Прилеп, настанал пожар при што изгорела кровната конструкција и дел од вториот кат. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од страна на Територијалната противпожарна единица Прилеп. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 21.09.2020 во 16.40 часот на влез во с.Арачиново, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „цитроен берлинго", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Р. од с.Арачиново и патничко возило „шкода фабија", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.В.(30). Според пријавеното, откако се договориле за пополнување на европски извештај, од угостителски објект, пред којшто се случила незгодата, излегле повеќе лица и физички ги нападнале Ф.В. и И.Т.(24), кој бил со него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2020 околу 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„Виа Игнатија" во Скопје бил пронајден починат И.А.(65) од Скопје, кој живеел сам. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 22.09.2020 околу 03.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Франклин Рузвелт" настанал пожар во патничко возило „фолксваген поло",сопственост на Х.Х.(22) од Скопје и во патничко возило „тојота",сопственост на А.Т.(68) од Скопје. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 16.30 часот во СВР Скопје, Н.П.(18) од Скопје пријавил дека во 01.00 часот во парк во близина на трговски центар на ул.„Народен фронт", по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од повеќе лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2020 во 19.30 часот во Полициската станица Кичево, од Медицински центар Кичево било пријавено дека во дом на ул.„11 Септември" бил пронајден починат С.В.(66) од Кичево. Увид на местото извршила увидна екипа на Полициската станица Кичево, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(40) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 15.09.2020 на ул.„Раим Лика" во Кичево, пријавениот се однесувал агресивно и упатувал закани кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

На 21.09.2020 околу 07.20 часот во Полициското одделение Петровец, Е.Л. (23) од с.Ќојлија, скопско, пријавил дека во с.Ржаничино, скопско, Д.К. му се заканувал со пиштол нему и на А.Л., додека Б.К. фрлал со тврди предмети кон камионот што тој го управувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет